РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И

Општина Петровец
Управни и административни органи и тела
Бр. 09-428/3
08.02. 2024 год.
ПЕТРОВЕЦ

# ПОТВРДА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВОПЛАНИРАН 10(20)KV КАБЕЛСКИ ПОДЗЕМЕН ВОД ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ СО ПОСТОЈНА ТРАФОСТАНИЦА ВО К.О.ЌОЈЛИЈА, ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ

Градоначалникот на Општина Петровец, решавајќи по барањето на **ТДУПС „БИРО ЗА УРБАНИЗАМ" ДООЕЛ БИТОЛА,** во Општина Петровец поднесено под арх. бр. 09-428/1 од 07.02.2024, за одобрување на Урбанистички проект за инфраструктура, врз основа на член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20 и 111/23), го издава следното:

## РЕШЕНИЕ

Се одобрува **Урбанистички проект за инфраструктура за поставување на новопланиран 10(20)kV кабелски подземен вод за поврзување на фотоволтаични електрани со постојна трафостаница во К.О.Ќојлија, Општина Петровец,** со технички бр. У-58/23 изработен од ТДУПС „БИРО ЗА УРБАНИЗАМ" ДООЕЛ БИТОЛА.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот ТДУПС „БИРО ЗА УРБАНИЗАМ" ДООЕЛ БИТОЛА, поднесе барање за одобрување на **Урбанистички проект за инфраструктура за поставување на новопланиран 10(20)kV кабелски подземен вод за поврзување на фотоволтаични електрани со постојна трафостаница во К.О.Ќојлија, Општина Петровец,** со технички бр. У-58/23 изработен од ТДУПС „БИРО ЗА УРБАНИЗАМ" ДООЕЛ БИТОЛА.

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Проектна програма (pdf)

2. Ажурирана геодетска подлога (dwg)

3. Извод од урбанистичка документација

4. Геодетски елаборат

5. Полномошно

6. Податоци информации и мислења од релевантни институции

7. Урбанистички проект (pdf.dwg)

8. Ревизија на Урбанистички проект

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Петровец со Решение бр. 08-865/1 од 10.04.2023 година, по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Урбанистичкиот проект за инфраструкура со тех.бр. У-58/23 може да се одобри. Истото го потврди со мислење од комисија со бр. 09-428/2 од 07.02.2024 година.

Градоначалникот на општината Петровец по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20 и 111/23). Врз основа на тоа, а согласно член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање донесе решение како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**

Против ова Решение,барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобранието до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
**Градоначалник**
**Борче Митевски**